# Магарињата главни „шверцери“ на семе

ВАЛЕНТИНА АНГЕЛОВСКА
АЛЕКСАНДРА ФИЛИПОВСКА

Шверцот на семенски и на саден материјал во Македонија сè уште е исплатлив бизнис што врти милионски суми евра. За нелегалната трговија се користат дивите премини кон Србија, Косово и кон Бугарија, а натоварените магарињa се главното „превозно средство“ за материјалот што се шверцува. Последниве десетина години, кога одгледувањето на раноградинарските култури во земјава стана приоритетен начин на заработка на земјоделците, се рашири и продажбата на „квалитетни семиња“ по земјоделските аптеки.

Каналите за влез добро се разработени, а поради тоа што станува збор за мала количина лесен материјал, многу лесно може да се пренесе и скриена по џебовите на торбите и куферите на легалните гранични премини.

Се шверцува сè и сешто, од скап семенски материјал за производство на домати и пиперки кој достигнува цена и до десетици илјади евра за килограм, до саден материјал за подигање овошни и лозови насади, вештачко ѓубриво и препарати за заштита од плевели, штетници и од болести. Според многумина, заработката од шверцот на семе и саден материјал се споредува со онаа од акцизните стоки. Полицијата и царината тешко може да реагираат, бидејќи семето буквално се пренесува во џеб.


Фото: Дарио Јанковиќ

### МАГАРИЊА НА ДИВИ ПРЕМИНИ

Десетина години сум во оваа работа, успешно ја работам и досега сум немал проблеми со надлежните институции што го спроведуваат законот, вака ја започнува приказната еден бивш земјоделец од кого последниве неколку години „квалитетни“ семиња набавува речиси половина од источна Македонија.

- Бизнисот е однапред договорен и обично имаме по неколку „тури“ месечно во текот на пролетните месеци кога е екот на сезоната. Се договара времето на транспорт, а стоката ја носат магарињa и коњи. Лицата од преку граница ги пуштаат од едната страна, а ние ги чекаме од нашата страна на границата, вели „трговецот“. Според него, пред неколку години работата одела подобро, се носело сè и сешто, од живини препарати - кои веќе долго време не се користат кај нас, до семе на цвеќиња.

- Сега контролите се поголеми, инспекциите ги откриваат премините, но ние сме секогаш подготвени да најдеме алтернатива. Во последно време е поисплатливо „легално“ да ги внесеш семињата, меѓу останатите работи што ги носите на граница - објаснува трговецот. Тој потврдува дека најисплатливо е да се работи со семенски материјал со поминат рок и со расипана добиточна храна, а сè помалку пари има во недозволените средства за заштита на растенијата што не ги задоволуваат нашите стандарди.

**„Бизнисот“ што врти милиони евра „шверцува“ сè и сешто, од скап семенски материјал за производство на домати и пиперки кој достигнува цена и до десетици илјади евра за килограм, до саден материјал за подигање овошни и лозови насади, вештачко ѓубриво и препарати за заштита од болести**

### ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ НАЈОШТЕТЕНИ

Фармерите велат дека состојбата со шверцот на семенски материјал е алармантна и дека и покрај казните, трговците најмногу заработуваат на ваков начин.

- Лани купив семе за домат што требаше да ми гарантира висок принос. Во исто време имав и мое семе, оставено од претходната година. На крајот излезе дека од домашното семе добив поквалитетни домати. Кога се пожалив кај трговецот дека семето му е неисправно, ми рече дека не сум знаел како се одгледуваат растенијата - вели Томе Стојановски, земјоделец од Струмица.

Неговиот колега Стојан Тодоровски од Крива Паланка објаснува дека секоја година купува квалитетни и скапи семиња на компир или пиперки.

- Некои од нас дури одат дотаму што земаат кредити за нови лозови и овошни насади, купуваат садници, а кога ќе дојде терминот за берба излегува дека, наместо увозната сорта што сте ја барале, сте купиле нешто што кај нас без пари го има на секоја нива - вели Тодоровски.

Струмичките земјоделци мака мачат со неадекватен семенски материјал. Тие го набавуваат семето за раноградинарското производство од разни извори, а на многумина најомилена дестинација им се земјоделските аптеки лоцирани во најблиските градови на граничните премини. Извори за „Дневник“ тврдат дека постојат многу нерегистрирани трговци и поединци што нудат семенски и саден материјал без гаранција за квалитетот и потеклото. Иако знаат дека набавуваат поевтино семе и со сомнителен квалитет, струмичките раноградинари сепак се принудени тоа да го прават притиснати од беспарицата.

- Пред неколку години се испеков од поевтино семе за домати набавено од Бугарија. Но и покрај тоа, и лани набавив оттаму. Тоа нема никаква гаранција и декларација, но поради катастрофалната ланска година и беспарицата принуден сум на тоа. Ги засадив доматите, па што ќе даде Господ - вели Б.Р., земјоделец од едно струмичко село.

Во Сојузот на земјоделците на Македонија објаснуваат дека и покрај инспекциите на терен, трговците продолжуваат со малверзации од кои често најповредени излегуваат земјоделците.

- Свесни сме дека ова е честа појава во земјава, но се надеваме дека сите што нелегално работат законски ќе бидат казнети - вели Вељо Тантаров, претседател на Сојузот на земјоделците на Македонија.

Во Федерацијата на фармерите на Македонија ни рекоа дека ова е шверц што тешко се открива, но има катастрофални последици на крајот на сезоната.

- Земјоделецот поевтино поминува кога е расадот во прашање, но во периодот кога треба да се бере и кога се прибира родот што ја носи добивката, истиот тој станува свесен колкава загуба си направил самиот себе - велат во ФМФ.

(продолжува)

**(Истражувањето е поддржано од Данската асоцијација за истражувачко новинарство и проектот СКУП)**

# Битолскиот пазар нема пари за ХАЦЦП

ЖАНЕТА ЗДРАВКОВСКА

Затворање на халата за продажба на сирење и можна забрана за продажба на јајца на отворено му се заканува на битолското градско пазариште. До мај годинава истекува рокот што Министерството за земјоделство му го остави на јавното претпријатие „Пазари“ од Битола, да ја почне постапката за воведување на ХАЦЦП стандардите. Но, досега пропишаните правила за безбедна храна не почнеле да се имплементираат. Фирмата се соочува со финансиски проблеми - загуба од 700 илјади денари, па од таму признаваат дека немаат пари за комплетно да го спроведат системот. Ваквите состојби предизвикаа паника кај стотина продавачи на сирење и јајца во битолскиот пазар дека ќе останат без продажбен простор.

- Зошто кај нас да се затвори? Ние плаќаме паушал, па нека воведат услови. Во Битола барем сме во хала, а во другите градови луѓето продаваат сирење од автомобил. Каков ХАЦЦП, од канти на земја продаваат. Вака го вадам лебот откако ме отпуштија од фабрика како технолошки вишок. Со вакви закони ќе остане само индустриското производство, а традиционалното што се негувало сто и повеќе години ќе замре - вели Драги Стојчевски, производувач на домашно сирење.

Новите стандарди од нив бараат да регистрираат фирма, да поставаат декларации на производите и да ги продаваат пакувани.

**Истекоа роковите за спроведување на стандардите, па можно е затворање на сирењарата и забрана за продажба на јајца на отворено**

- И да се регистрираме дали ќе може да се издржи. За тезгата плаќаме 4.200 денари месечно, а толку не вадиме. Најверојатно ќе си одиме сите и ќе станеме социјалци. Порано беше друго, се трошеше, народот имаше повеќе пари, сега е сè катастрофа. Земаа цели канти, а сега по половина килограм. Цената на сирењето е иста со години, а потрошувачката е намалена за педесет отсто - се пожали Зоран Јовановски.

Уредувањето на халата за сирење според ХАЦЦП системот предвидува замена на корозираните тезги со нови, инсталирање топла вода, вентилација, клима. Да се изгради халата за јајца, градски тоалет во пазарот и ред други работи. Дел од купувачите велат дека со ХАЦЦП стандардите барем ќе знаеме што јадеме.

- Да поминете низ пазар, што сè не се продава по земја, зеленчук, јајца, живина исполегната до храната. Дел не плаќаат паушал, па влегуваат на диво и производите ги изложуваат на земја. Сите велат дека е здраво, природно, домашно, а дел од она што ќе го купите не го задоволува квалитетот. Нека се изложи каде е произведено, увозно е или наше - реагираат купувачите.



**Според ХАЦЦП системот треба да се заменат корозираните тезги со нови, да се инсталира топла вода, вентилација и клима**

Случајно или не, пред еден месец оставка од директорката функција во ЈП „Пазари“ даде Лазар Ивановски, а за в.д беше поставена Весела Петровска. Таа признава дека доцнат со ХАЦЦП и не ја исклучува можноста да им ги затворат местата каде што се продаваат сирењето и јајцата.

- Само за промена на тезгите во халата за сирење ќе ни бидат потребни 400 илјади денари, а комплетно за целиот процес околу еден милион денари. Од каде да ги најдеме одеднаш овие пари? Ние ќе се обидеме со сите сили деновиве да почнеме со делумно воведување на стандардите, но не и за целосно - вели Петровска. ■